28871

12562

НОВА МАКЕДОНИЈА ● Петок 23 април 1982 год. ● стр. 7

ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# Нови донации од уметници

**● Последните два месеца збирките на Музејот се збогатија со околу 30 дела што ги подарија странски и домашни уметници**

Збирките на Музејот на современата уметност во Скопје последниве два месеца беа збогатени со нови дела што повеќе странски и југословенски уметници му ги испратија како подарок. Професорот Марсел Ван Јоле, историчар на уметноста и претседател на секцијата на АИКА од Белгија, од својата приватна колекција на МСУ му подари 13 дела акварели, цртежи и графики. Тоа се дела на десет современи белгиски уметници: Петрус Валкс, Пол Мара, Вик Гентилс, Валтер Вермин, Цеки де Мајер, Алберт де Буа, Јан Ванриет, Хозе де Гимараес и Маријан Колесар. Од нив неколкумина се уметници веќе афирмирани на меѓународен план, учесници на значајни биенални ликовни манифестации и други меѓународни изложби.

Музејот на современата уметност доби и поединечни донации од повеќе ликовни уметници: Петр Херел (Австралија), Денис Флин (САД), Суза Шенеш и Геза Пернецки (Унгарија), Еуѓенио Карми (Италија), Маса Јамаха и Катсунари Хамашини (Јапонија), Јарослава Пешицова (ЧССР) и Елфи Шуселка (Австрија).

Македонскиот графичар од Штип, Гомислав Крмов, од својата самостојна изложба што неодамна ја одржа во Скопје, на МСУ му подари 6 дитографии во боја.

Според досегашната традиција, сите дела што ќе ги добие во текот на годината Музејот ги изложува на своите изложби под наслов „Подарени дела“. Следната таква изложба се очекува кон крајот на оваа или почетокот на следната година.

(С. Ѓ.)